Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:10 часот.

Со седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетскиот дефицит на Република Северна Македонија.

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби и ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетскиот дефицит на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да ја усогласи истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Фатмир Битиќи**